ДПА денунцира обвиненија

**Реагирањата доаѓаат од антиалбански кругови**

“Сакам да истакнам дека се смешни и воопшто не ни остават впечаток имајќи предвид од каде доаѓаат овие реагирања, т.е. од една група оркестрирани луѓе директно или индиректно инволвирани во долгогодишната антиалбанска хистерија како во бивша Југославија исто така и сега во Македонија“, вели Догани

Бесим Илјази

Скопје, 16 мај – Демократската партија на Албанците (ДПА) реагираше на разните гласини кои се појавија во некои македонски медиуми околу едно изјаснување на службата за информирање на оваа партија. Потпретседателот на оваа партија Бесим Догани, изјавите на некои лица во македонски медиуми ги има оценето како тенденциозни и со задна намера против стратешките цели на Албанците.

“Сакам да истакнам дека се смешни и воопшто не ни оставаат впечаток имајќи предвид од каде доаѓаат овие реагирања, т. е. од една оркестрирана група на луѓе директно или индиректно вклучени во долгогодишната антиалбанска хистерија како во бивша Југославија така и сега во Македонија. Да потсетиме дека тие беа и гласноговорници на политиката на Милошевиќ“, вели Догани во изјаснувањето за “Коха“. Тој подвлекува дека ваквото настојување не е ништо друго, освен уште еден обид за да се искривува вистината и “за фрлање на пепел во очите“.

“Соработувајќи тесно со вехабистите оваа тајфа се претставува како една од најлошите нешта на модерното време на чие лошотило не само ДПА туку и другите демократски субјекти енергично ќе и` се спротивстават. На крајот на краиштата, оваа политика која тие ја афирмираа или беа директни соработници на старите системи на УДБ-а, го зема и својот арач, убивајќи и злоставувајќи илјадници Албанци. Пошироката јавност ги познава овие како строги противници на секаква албанска вредност. Не само ДПА туку и сите Албанци не ги заборавaат овие дејствувања“, подвлекува Догани. Според него, ова е уште една од манипулациите во низа дека наводно се закануваат или уценуваат новинари и се одзема слободата на медиумите. Ова не претставува ништо друго освен уште еден обид за искривување на вистината и обид за фрлање пепел во очите.

Потпретседателот на ДПА, Бесим Догани ја истакна настојчивоста на неговата партија за да им излезе во пресрет на предизвиците кои доаѓаат од архаичната политика на овие лица. “Несомнено ДПА ќе биде пречка и голем хендикеп за инсталирање на оваа архаична политика која тие ја посакуваат“, рече Догани. Инаку, реагирањето на ДПА доаѓа поради тоа што во последниве денови во неколку македонски медиуми одредени лица ја имаат нападнато оваа партија, затоа што таа денунцираше една колумна напишана од новинарот Исо Руси, каде што нејзини службеници се апострофирале како кочничари на Законот за верските заедници, за кое што оваа партија рече дека е една тенденциозна клевета со одредена политичка позадина.

(“КОХА“, 17.6.2007)